FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

# ИЗВЕШТАЈ
## ОД МОНИТОРИНГОТ НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ
(јули-декември 2023)

40



Скопје, јуни 2024

**Издавач:**
Центар за граѓански комуникации

**Лектура:**
Татјана Б. Ефтимоска

**Ликовно-графичко обликување:**
Методија Андонов, Датапонс Скопје

**Печати:**
Датапонс Скопје

**Тираж:**
200 примероци

Бесплатен/некомерцијален тираж

Овој мониторинг се спроведува во рамките на проектот „Мониторинг на јавните набавки“, што го спроведува Центарот за граѓански комуникации, а е финансиски поддржан од Фондацијата Отворено општество – Македонија. Содржината на оваа публикација е одговорност на издавачот и на авторите и не ги одразува ставовите на Фондацијата Отворено општество – Македонија.

# 2023

# ИЗВЕШТАЈ ОД МОНИТОРИНГОТ НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

## Извештај бр. 40
## (јули – декември 2023 год.)

Скопје, јуни 2024

## ИЗВЕШТАЈ ОД МОНИТОРИНГОТ НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

**Извештај бр 40**
**(јули – декември 2023 год.)**

# СОДРЖИНА

- ЦЕЛИ И МЕТОДОЛОГИЈА ..........................................06
- АНАЛИЗА ОД МОНИТОРИНГОТ НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ..........................................08
- ИСТРАЖУВАЊЕ НА МИСЛЕЊЕТО НА ЛИЦАТА ЗАДОЛЖЕНИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ..........................28
- ИСТРАЖУВАЊЕ КАЈ ФИРМИТЕ ЗА НИВНОТО ИСКУСТВО ПРИ УЧЕСТВОТО НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ .........................49
- АНАЛИЗА НА ПОСТАПКИТЕ ПРЕД ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ЗА 2023 ГОДИНА ..............60

# Цели и методологија

Центарот за граѓански комуникации (ЦГК) редовно го мониторира и го анализира спроведувањето на јавните набавки во земјава, почнувајќи од 2008 година, од кога се применува првата законска регулатива за јавните набавки во земјата изработена според Директивите на Европската комисија. Целта е да се оцени дали и во колкава мера државните институции ги почитуваат основните принципи во трошењето на јавните пари, а стипулирани и во самиот закон – конкуренција меѓу фирмите, нивен еднаков третман и недискриминација, транспарентност и интегритет при спроведување на постапките и рационално и ефикасно искористување на парите.

Предмет на мониторинг се набавките што ги спроведуваат сите државни институции во земјава, како на ниво на централна така и на локална власт. Изборот на примерокот се прави за време на објавувањето на набавките на Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН).

Мониторингот се одвива преку прибирање примарни и секундарни податоци по пат на присуство на монитори на ЦГК при јавните отворања на понудите, преку разговори со понудувачите, пребарување и истражување на податоците што се достапни на ЕСЈН, пребарување информации за примените жалби и решенијата по нив од страна на Државната комисија за жалби по јавни набавки (ДКЖЈН) на интернет-страницата на оваа институција и преку испраќање барања за слободен пристап до информации од јавен карактер за оние податоци што не се достапни на поинаков начин. Прашалниците и сите други формулари што се користат при мониторингот се структурирани на начин да овозможат најефективно следење на спроведувањето на набавките од аспект на почитување на законската регулатива и на основните принципи во јавните набавки.

Врз основа на сите тие добиени информации и податоци, претходно структурирани и внесени во специјално изработена матрица, се анализира начинот на спроведување на набавките, а од аспект на почитување на погоре наведените принципи и настојување да се добие најдобрата понуда под најповолни услови, како и отчетност за потрошените

средства кај набавките. По анализирањето на податоците, се изработува извештај што ги содржи главните наоди од мониторингот и анализата на набавките, препораки за решавање на утврдените проблеми и слабости во системот на јавни набавки и детални објаснувања на констатираните состојби.

Овој конкретен извештај е изработен врз основа на мониторингот и анализата на избран примерок од 60 постапки за јавни набавки спроведени од институции на централно и на локално ниво, во периодот од 1 јули до 31 декември 2023 година.

# Анализа од мониторингот на јавните набавки

» Јавните набавки во 2023 година достигнаа рекордно висока вредност и рекордно ниска конкуренција во последните 10 години. Во 2023 година, склучени се договори за јавни набавки во вредност од 92 милијарди денари, односно околу 1,5 милијарда евра, што е 35 % повеќе од претходната година. Зголемената вредност на набавките е проследена со влошување на конкуренцијата на тендерите. Просечниот број понуди по тендер изнесува 2,7. Во една третина од тендерите е добиена само по една понуда. Отсуството на конкуренција е последица на фаворизирачки тендерски документации и загубена доверба на бизнис-секторот во фер натпревар. Оваа состојба го зголемува ризикот дека со тендерските постапки не е добиена најдобрата вредност за потрошените пари.

» Зголемен е бројот на тендерски постапки во коишто е добиена една понуда со цена која е идентична со проценетата вредност на тендерот. Совпаѓањето на вредностите е симптоматично затоа што проценета вредност на овие тендери не била јавно објавена и таа е наведена само во одлуките за јавни набавки, коишто не се јавно достапни документи.

» Во секој четврти тендер што беше предмет на мониторингот не беше наведена количината на набавката. Ваквото постапување е извор на сериозни манипулации и овозможува лесно „местење" кој да го добие тендерот. Овој пристап делува обесхрабрувачки и за потенцијалните понудувачи, и во најголем дел од тендерите во кои не се наведени количини е доставена по само една понуда. Ненаведувањето на количините на предметот на набавката е во спротивност со законски утврденото начело на економичност, ефикасност и ефективност на користењето на јавните средства и доведува до тоа договорот да се склучи со цени што се повисоки од реалните на пазарот.

» И во 2023 година, трета година по ред, 'најниската цена' се користи како како критериум за избор на најповолната понуда во дури 94 % од тендерите. Во постапките,

пак, во кои како критериум за избор се користи 'најдобар однос помеѓу цената и квалитетот', многу често се користат несоодветни елементи за евалуација на квалитетот.

» Примената на електронската аукција продолжува да се намалува. Е-аукцијата во 2023 година е користена во 62 % од тендерите, наспроти 73 % во 2022 година и 89 % во 2021 година.

» Во 2023 година, поништени се 27 % од спроведените постапки. Ова е благ пад во однос на 2022 година, кога беа поништени 31 % од тендерите.

» Втора година по ред се намалува вредноста на договорите склучени преку постапката со преговарање без претходно објавување оглас. Во 2023 година, вредноста на овие договори изнесува 23 милиони евра, што е 28 % помалку од 2022 година. Во најголем дел преговарањата се воделе со само една фирма. Гледано на ниво на институции, како и во претходните години, најголемата вредност на склучените договори без објавување оглас им припаѓа на АД Електрани.

» Предмет на управна контрола од страна на Бирото за јавни набавки во 2023 година биле 371 тендер, што укажува на пораст во однос на 2022 година, кога беа спроведени контроли на 270 постапки. Поголем број неправилности се констатирани во тендерите кои биле предмет на контрола врз основа на процената на ризици од кршење на одредбите од Законот за јавни набавки отколку во тендерите кои биле предмет на контрола поради нивната вредност. Во текот на 2023 година, Бирото за јавни набавки дошло до сознанија за сомнежи за корупција и ги известило надлежните институции за 4 предмети. Државната комисија за жалби по јавни набавки во текот на 2023 година немала сознанија или сомнежи за корупција во јавните набавки.

» ***Јавните набавки во 2023 година достигнаа рекордно висока вредност и рекордно ниска конкуренција во последните 10 години. Во 2023 година, склучени се договори за јавни набавки во вредност од 92 милијарди денари, односно околу 1,5 милијарда евра, што е 35 % повеќе од претходната година. Зголемената вредност на набавките е проследена со влошување на конкуренцијата на тендерите. Просечниот број понуди по тендер изнесува 2,7. Во една третина од тендерите е добиена само по една понуда. Отсуството на конкуренција е последица на фаворизирачки тендерски документации и загубена доверба на бизнис-секторот во фер натпревар. Оваа состојба го зголемува ризикот дека со тендерските постапките не е добиена најдобрата вредност за потрошените пари.***

Во 2023 година, склучени се 29.719 договори за јавни набавки во вредност од 92.052.193.967 денари (1.496.783.642 евра). Бројот на договори е поголем од 2022 година за 4,46 %, додека пак вредноста на договорите во 2023 година е поголема од 2022 година за дури 35,29 %.

Големиот скок на вредноста на јавните набавки е проследен со намалување на конкуренцијата. Во дури 35 % од тендерските постапки спроведени во 2023 година е добиена само по една понуда. Во претходната година, уделот на тендери со 1 понуда изнесуваше 33 %. Уделот на тендери во коишто се добиени по 2 понуди во 2023 година изнесува 23 % и е на исто ниво како претходната година. Посакувано ниво на конкуренција од 3 и повеќе понуди е остварено во 42 % од тендерите во 2023 година.

**Конкуренција во тендерите спроведени во 2023 година**




Отсуството на конкуренција укажува на сериозни слабости на системот на јавни набавки и дека е оневозможен натпревар помеѓу понудувачите, што е единствена гаранција дека на тендерите ќе се добие најдобрата вредност за потрошените пари. Вкупниот број договори склучени во тендерски постапки со 1 понуда во 2023 година изнесува 10.354 и нивната вкупна вредност достигнува 33 милијарди денари (535 милиони евра). Во постапки со 2 понуди се склучени 6.915 договори за јавни набавки во вредност од 24 милијарди денари (383 милиони евра). Во конкурентни постапки со 3 и повеќе понудувачи се склучени 12.440 договори, во вредност од 36 милијарди денари (579 милиони евра).

**Приказ на вредноста на склучените договори за јавни набавки во однос на бројот на добиени понуди во 2023 година (во милиони евра)**




*Како резултат на овие процеси, просечниот број понуди на тендер во 2023 година изнесува 2,7, што е најниско ниво во изминатите 10 години. Произлегува дека во 2023 година само 39 % од вредноста на договорите се склучени во постапки со солидно ниво на конкуренција, за разлика од 2022 година, кога тој удел изнесува 44 %.*

*Растот на тендерски постапки во кои е доставена по една понуда се одрази неповолно и врз просечниот број понуди. Во 2023 година достигнато е рекордно ниско ниво на просечниот број на понуди по тендер, што изнесува 2,7 понудувачи по тендер.*

**Просечен број понуди**



Во второто полугодие од 2023 година, како и во првото, најголемиот договор за јавна набавка склучен во тендерска постапка во која учествувала една фирма е од областа на здравството. Во второто полугодие станува збор за договорот за набавка на вакцини за континуирана имунизација по епидемиолошки индикации на населението во Република Северна Македонија од јануари 2024 до декември 2026 година. Најголемиот договор од оваа постапка, во вредност од 530 милиони денари (8,6 милиони евра), е склучен со „Алкалоид Конс" Скопје.

Ниското ниво на конкуренција води кон висока концентрација на вредноста на тендерите кај мал број фирми. Од вкупната вредност на склучените договори за јавни набавки во 2023 година изнесува околу 338 милиони евра, односно 23 %, им припаѓа на само 10 економски оператори. Претходната година уделот на 10-те најголеми изнесуваше 20 %.

На врвот на 10-те фирми со најголем удел во јавните набавки во земјата е компанијата „Марковски Компани" Борче ДООЕЛ Битола, која врши ископ во АД Електрани, и на оваа позиција доаѓа од 3-то место во 2022 година. Како што може да се види од табеларниот приказ подолу, „Марковски Компани" во 2023 година има склучени 20 договори, во вкупна вредност од 3,2 милијарди денари, односно 52 милиони евра. Сите договори на „Марковски Компани" се склучени со АД Електрани за ангажирање механизација и специјализирана работна рака за потребите на РЕК Битола. За една година, „Марковски Компани" успеала да ја дуплира вредноста на јавните набавки, со тоа што во 2022 година има договори во вредност од околу 25 милиони евра, а во 2023 година од 52 милиони евра.

На второ место според вредноста на договорите е АД „Д-р Пановски", Скопје, која склучила 279 договори во вредност од околу 2,8 милијарди денари, односно 45 милиони евра. Вредноста на договорите на „Д-р Пановски" во 2023 година се за 241 % поголеми од 2022 година, кога изнесувале 13 милиони евра.

На трето место е уште една фармацевтска компанија, „Алкалоид Конс", која склучила 290 договори во вредност од 2,4 милијарди денари, односно од околу 40 милиони евра, што е 131 % повеќе од 2022 година, кога изнесувале 17 милиони евра.

На четвртото место е „Стентон Градба" Битола, која ја немаше на оваа листа во 2022 година. Големиот удел во јавните набавки  е остварен благодарејќи на големиот договор склучен со Дирекција за технолошки индустриски развојни зони за „изведба на објекти за времено сместување и амбуланта за прва помош, детски градинки и складишта со придружни содржини (паркиралишта) во ТИРЗ Скопје 1 и ТИРЗ Скопје 2, и објекти за времено сместување, детски градинки и складишта со придружни содржини (паркиралишта) во ТИРЗ Штип и ТИРЗ Прилеп по принцип на изградба Клуч на рака", во вредност од 1. 781.800.000 денари, односно околу 29 милиони евра.

И петтото место ѝ припаѓа на компанија која претходно не била во оваа група, а тоа е

„Спектартермо" Скопје, која најголемите договори за јавни набавки ги има склучено со АД Електрани и со ЕВН Македонија.

### *Десет компании со најголема вредност на јавните набавки во 2023 година*

| Компанија | Број на | Вкупна вредност на договорите во денари | Вкупна вредност на договорите во евра | Удел во вкупните набавки на земјата |
|---|---|---|---|---|
| Марковски Компани Борче ДООЕЛ, Битола | 20 | 3.201.348.992 | 52.054.455 | 3,48 % |
| АД Д-р Пановски, Скопје | 279 | 2.777.645.263 | 45.164.964 | 3,02 % |
| Алкалоид Конс ДООЕЛ Скопје | 290 | 2.440.250.399 | 39.678.868 | 2,65 % |
| Стентон Градба Битола | 29 | 2.071.680.277 | 33.685.858 | 2,25 % |
| Спектартермо Скопје | 37 | 2.061.736.941 | 33.524.178 | 2,24 % |
| Енерџи Деливери Солушнс АД Скопје | 209 | 2.034.801.340 | 33.086.201 | 2,21 % |
| IRD ENGINEERING Srl | 1 | 1.621.678.807 | 26.368.761 | 1,76 % |
| Гранит АД Скопје | 3 | 1.608.673.212 | 26.157.288 | 1,75 % |
| АИТОНИКС АД Скопје | 3 | 1.550.315.083 | 25.208.375 | 1,68 % |
| Пуцко Петрол ДООЕЛ с. Пласница | 395 | 1.400.223.600 | 22.767.863 | 1,52 % |
| **ВКУПНО** | **1.266** | **20.768.353.914** | **337.696.812** | **22,56%** |

### *Препорака:*

*Институциите мора да работат врз стимулирање на конкуренцијата бидејќи само таа е гаранција за рационално трошење на јавните пари. Клучно е да се работи врз потемелно истражување на пазарот, и во однос на поставување соодветни критериуми за утврдување на способноста на понудувачите, и во однос на дефинирање на условите во техничките спецификации. Во спротивно, постапките за јавни набавки губат смисла и се сведуваат на формално објавување оглас, но не и на реално барање повеќе понудувачи.*

» ***Зголемен е бројот на тендерски постапки во коишто е добиена една понуда со цена која е идентична со проценетата вредност на тендерот. Совпаѓањето на вредностите е симптоматично затоа што процената вредност на овие тендери не била јавно објавена и таа е наведена само во одлуките за јавни набавки, коишто не се јавно достапни документи.***

Совпаѓањето на вредноста на единствената добиена понуда со проценетата вредност на тендерот во мониторингот е воочена во секој четврт тендер. Притоа, станува збор за различни предмети на набавка, како: персонални и преносни компјутери, аудио и видеоопрема, патнички возила, термални камери за пожарникари, инструменти за педијатриска флексибилна ендоскопија, алерготестови, услуги за печатење и вкоричување, пелети итн. Ваквите тендерски постапки отвораат сомнеж дека се користени тендерските документации за ограничување на конкуренцијата, како и за претходно договарање на цените. Во продолжение се издвоени неколку примери од мониторингот.

Во мониторирана постапка за јавна набавка на инструменти за педијатриска флексибилна ендоскопија беше барана понуда за 8 видови инструменти со различни поодделни количини, во вкупен збир од 98 парчиња. Добиена е една понуда, со која за инструментите вкупно е побарано 2.199.330 денари без ДДВ. Вредноста на доставената понуда е пониска за само 670 денари, односно за 0,03 % од проценетата вредност на тендерот. Притоа, совпаѓањето се случува во услови кога проценетата вредност на тендерот од 2.200.000 денари не била наведена во огласот за јавна набавка.

Како симптоматично совпаѓање на вредноста на проценките на институцијата и добиената понуда треба да се издвои и набавката на службено патничко возило за потребите на универзитет. Проценетата вредност на детално опишаното возило беше утврдена на 1.690.000 денари без ДДВ. Во постапката е добиена една понуда, и тоа само 720 денари (0,04 %) пониска од проценетата – 1.689.280 денари. Вака идеално совпаѓање фрла сомнеж врз постапката, со оглед на тоа што проценетата вредност не беше јавно објавена.

Како следен пример може да се издвои набавката со транспорт и истовар на 60.000 килограми пелети за потребите на затоплување на државна институција. Во согласност со одлуката за јавна набавка, вредноста на тендерот е проценета на 2.000.000 денари, но оваа информација не била наведена во огласот за јавна набавка. Во постапката е добиена една понуда со цена на пелетите од 33,33 денари по килограм, со што вкупната вредност на понудата изнесуваше 1.999.800 денари, односно 200 денари помалку од проценетата вредност. Имено, единствениот понудувач да ја зголемел цената на втората децимала и наместо 33,33 денари да понудел 33,34 денари, ќе ја надминел проценетата вредност за 400 денари.

Совпаѓањето на добиените понуди со проценетата вредност е воочена и во постапки во кои биле добиени и две понуди. Станува збор за мониторирана набавка на 96 парчиња лотариски терминали и лотариска опрема, со проценета вредност од 12.000.000 денари без ДДВ. Проценетата вредност не била наведена во огласот за оваа јавна набавка. Во постапката биле добиени 2 понуди, од кои една во вредност од 13.499.500 денари и втората – од 11.998.500 денари без ДДВ. Понудата со повисока вредност е отфрлена и прифатена е понудата со пониска вредност. Но, останува дилемата какви се, реално,

шансите институцијата што купува, од една страна, и понудувачот што продава, од друга, да се вклопат во проекциите и да дојдат до разлика од само 1.500 денари, односно 0,01 %.

Сите овие примери упатуваат на потенцијален ризик од недозволени договарања помеѓу институциите и понудувачите. Во ваквите случаи, објективно е доведена во прашање реалноста на вредноста на овие договори, односно постои зголемен ризик договорените цени да се повисоки од реалните на пазарот.

***Препорака:***

*Во листата на црвени знаменца што ги применува Бирото за јавни набавки да се вклучи и совпаѓањето на проценетата вредност која претходно не била јавно објавена со вредноста на добиена понуда.*

» ***Во секој четврти тендер што беше предмет на мониторингот не беше наведена количината на набавка. Ваквото постапување е извор на сериозни манипулации и овозможува лесно „местење" кој да го добие тендерот. Овој пристап делува обесхрабрувачки и за потенцијалните понудувачи, и во најголем дел од тендерите во кои не се наведени количини е доставена по само една понуда. Ненаведувањето на количините на предметот на набавката е во спротивност со законски утврденото начело на економичност, ефикасност и ефективност на користењето на јавните средства и овозможува договорот да се склучи со цени што се повисоки од реалните на пазарот.***

Најеклатантен пример за манипулациите преку количините е евидентиран во мониторираната постапка за јавна набавка на свежо месо. Во оваа постапка е барана понуда за пет видови месо, и тоа: младо говедско од бут без коска, говедско мелено, свински бут со коска колено, младо говедско од плешка без коска и свинска плешка со коска. Во тендерската документација не беа утврдени планираните количини на месо. Вредноста на понудата се утврдуваше врз основа на добиените цени за 1 килограм од петте видови месо. Во тендерот е добиена една понуда, во која за 1 кг младо говедско месо од бут без коска, говедско мелено месо и свински бут со коска колено се нудеа натпросечно високи цени, а за 1 кг младо говедско месо од плешка без коска беше понудена цена од 42 денари и за свинска плешка со коска беше понудена цена од 32 денари, што се цени неколкукратно пониски од пазарните. Од комисијата за јавни набавки притоа не побарале објаснување за невообичаено ниската цена. Понудата била прифатена. „Играта" се состои од тоа што во услови кога не се наведени количини на бараните производи, со нереално ниските цени се овозможува да се намали просечната цена на петте различни видови на месо и понудувачот да биде поконкурентен со цената при изборот.

Зад неразумно ниските цени, за кои не е побарано објаснување, најверојатно се крие договор помеѓу набавувачот и добавувачот – месото со цени од 32 и од 42 денари за килограм, по склучување на договорот, воопшто и да не се нарачува. Во овој случај манипулацијата е очигледна, поради тоа што предмет на набавка се прехранбени производи кои можат да се најдат во секој маркет. Но овие манипулации се прават, и тоа уште полесно, при тендерски постапки во коишто предметот на јавна набавка не се производи и услуги што ги користат и самите граѓани, туку се набавки што бараат специфични познавања од одредена област и за нив граѓаните не знаат што е пазарна, а што нереално ниска, односно манипулативна цена.

Ненаведувањето на количините на предметот на набавката е во спротивност со законски утврденото начело на економичност, ефикасност и ефективност. Имено, со тоа што не се наведени барем индикативните количини, не се поставени ниту основите за тоа кои цени се реални, односно во согласност со пазарните, а оваа состојба е уште покомплексна во набавките каде што е добиена само една понуда.

Во мониторираниот примерок воочен е и тендер во којшто за „собирање, транспорт и третман на медицински отпад за период од 2 години", во финансиската понуда се бара цена за услугата за 1 килограм отпад, со напомена дека договорниот орган создава околу 20.000 кг отпад годишно, односно 40.000 кг за 2 години, како производ од реализирање на образовната, здравствената и научна дејност. Нејасно е зошто овие индикативни количини не се наведени во самата табела за доставување финансиска понуда.

***Препорака:***

*Да се предвидат измени на Законот за јавни набавки во насока на воведување обврска за задолжително наведување барем на индикативни количини на предметот на набавка во тендерските документации.*

» ***И во 2023 година, трета година по ред, 'најниската цена' се користи како како критериум за избор на најповолната понуда во дури 94 % од тендерите. Во постапките, пак, во кои како критериум за избор се користи 'најдобар однос помеѓу цената и квалитетот', многу често за евалуација на квалитетот се користат несоодветни елементи.***

Во 2023 година, од вкупно објавените 24.005 огласи за јавна набавка, 'најниската цена' била користена како критериумот за избор на најповолна понуда во дури 22.661 тендери, што значи во 94 % од сите тендери. Изборот на најповолната понуда врз основа на 'најдобриот однос на цената и квалитетот' е користен во 1.336 набавки, а во 8 постапки, пак, како критериум за избор се користени 'трошоци со примена на пристап на исплатливост'.

## *Користени критериуми за избор на најповолна понуда во 2023 година*




Користењето 'најниска цена' има предност во брзината и едноставноста да се избере најповолна понуда, но има сериозни ограничувања што се однесуваат на оневозможување да се води грижа за квалитетот на набавките, постпродажни услуги, техничка поддршка, сервисирање, трошоците за животниот циклус на набавеното итн. Концептот на 'најдобра вредност за парите' почива врз претпоставката дека производите, услугите и работите не се хомогени и се разликуваат според квалитетот, издржливоста, рокот на употреба, трошоците што ги генерира при употребата, и дека договорните органи тоа треба да го имаат предвид кога ја избираат најповолната понуда.

Користењето 'најниска цена' како критериум за избор на најповолна понуда не е во духот на ЕУ-директивите за јавни набавки, во согласност со коишто е изготвен актуелниот Закон за јавни набавки.

Во постапките, пак, во коишто како критериум за избор се користи 'најдобар однос помеѓу цената и квалитетот' многу често за евалуација на квалитетот се користат несоодветни елементи.

Така, на пример, во мониторирана набавка на стоки за репрезентација во која се користеше критериумот 'најдобар однос помеѓу цената и квалитетот', за цената беа предвидени 55 бода, а за квалитетот 45 бода. Подетално во тендерската документација беше наведено дека производите кои ќе бидат во целост соодветни на барањата во техничката спецификација ќе добијат од 1 до 45 бода; производите кои ќе бидат делумно соодветни на барањата во техничката спецификација ќе се бодуваат по скала од 1 до 30 бода; производи кои мини-

мално се соодветни на барањата во техничката спецификација ќе се бодуваат по скала од 1 до 10 бода, а производи кои воопшто не се соодветни на барањата во техниката спецификација ќе се бодуваат со 0 бодови и таквата понуда ќе се смета за технички неприфатлива. Овој пристап не е во согласност со Законот за јавни набавки предмет, според кој предмет на евалуација може да бидат само производи и услуги што се во целост во согласност со деталите дадени во техничката спецификација.

Во мониторирана набавка, пак, за преведувачки услуги, воочен е погрешен пристап на вреднување на квалитетот на понудата со доделување бодови сразмерно на бројот на доставени потврди за квалитетно и навремено реализирана услуга како предметната набавка во последните три години. На овој начин се вреднува квалитетот на понудувачот, но не и квалификациите и искуството на персоналот кој ќе го извршува договорот.

***Препорака:***

*Потребно е јакнење на свеста на институциите за последиците од високата примена на 'најниската цена' како критериум за избор на најповолната понуда. Воедно, треба да се работи вез јакнење на капацитетите на институциите за соодветна примена на другите критериуми за избор на најповолна понуда.*

» ***Примената на електронската аукција продолжува да се намалува. Е-аукцијата во 2023 година е користена во 62 % од тендерите наспроти 73 % во 2022 година и 89 % во 2021 година.***

Во однос на електронската аукција (е-аукцијата), забележан е пад на нејзината примена во однос на 2022 година за 11 процентни поени. Од вкупно спроведените тендери во 2023 година, со е-аукција се спроведени 14.850 (62 %) наспроти 2022 година, кога тој удел изнесуваше 73 %. Ова упатува на зголемено почитување на дадените препораки од надлежните институции и од граѓанскиот сектор за намалување на примената на е-аукцијата со цел да се избегнат негативните ефекти и манипулации коишто ги поттикнува таа.

### *Примена на електронската аукција во 2023 година*




Од друга страна, во тендерите во кои е-аукцијата била планирана и натаму се случуваат неповолни процеси. Во повеќе од половина од тендерите во коишто била планирана е-аукција (57 % од мониторираниот примерок), таа не е одржана. Оваа состојба е неповолна затоа што во услови кога се планира е-аукцијата, понудувачите најчесто доставуваат првични цени кои се повисоки од реалните на пазарот. Во 2022 година, планираните аукции не биле одржани во 48 % од мониторираните тендери. Растечкото неспроведување на планираните е-аукции е последица на зголемениот број тендери со една понуда, како и на исклучувањето на понудувачите во текот на постапките.

***Препорака:***

*Примената на е-аукцијата треба да биде исклучок, а не правило во спроведување на постапките за јавни набавки. Потребно е да се следи логиката е-аукцијата да се применува само за производи со познат и стандарден квалитет и за коишто постои конкуренција на пазарот. Бирото за јавните набавки треба да преземе мерки за засилување на притисокот врз договорните органи за намалување на примената на е-аукцијата, чии негативни последици се повеќе од очигледни. Воедно, договорните органи треба да се однесуваат одговорно кон јавните пари и да обезбедат нивно трошење во согласност со начелата за економичност, ефикасност и ефективност. Потребно е да се преземат системски активности кои ќе резултираат со помала примена на 'најниска цена' како критериум за избор на најповолната понуда.*

» ***Во 2023 година поништени се 27 % од спроведените постапки. Ова е благ пад во однос на 2022 година, кога беа поништени 31 % од тендерите.***

Во 2023 година поништени се 6.465 тендери од вкупно спроведените 24.005. Уделот на поништени тендери во вкупно спроведените изнесува 27 %, што е намалување од 4 процентни поени во однос на 2022 година.

### *Поништување на постапките за јавни набавки*

| Година | Број на објавени огласи | Број на одлуки за поништување на постапките | Удел на поништени постапки |
|---|---|---|---|
| **2019** | 22.538 | 5.985 | 27 % |
| **2020** | 20.159 | 6.727 | 33 % |
| **2021** | 22.816 | 6.571 | 29 % |
| **2022** | 22.901 | 7.048 | 31 % |
| **2023** | 24.005 | 6.465 | 27 % |

Вообичаено, најчеста причина за поништување на тендерите е дека не е поднесена ниту една понуда или ниту една прифатлива понуда, што била причина за поништување на 69 % од поништените тендери. На второ место според застапеноста се поништувањата поради битни пропусти во тендерските документации, што било причина за поништување на 16 % од тендерите, односно 4 процентни поени повеќе од 2022 година. Ова е, секако, неповолен тренд и зборува за сериозни слабости во спроведувањето на јавните набавки во земјата. На трето место се поништувањата со образложение дека понудените цени биле понеповолни од пазарните, што било основа за поништување на 12 % од постапките за јавни набавки.

**Структура на причините за поништување на постапките во 2023 година***




** Структурата на причините за поништување на постапките за јавни набавки е направена врз основа на известувањата за поништување на постапките доставени до ЕСЈН за тендерите спроведени во 2023 година*

**Препорака:**

*Секоја институција која се соочува со голем број поништени постапки треба да преземе соодветни мерки за да ги воочи причините и соодветни мерки за надминување на констатираните проблеми.*

» ***Втора година по ред се намалува вредноста на договорите склучени преку постапката со преговарање без претходно објавување на оглас. Во 2023 година, вредноста на овие договори изнесува 23 милиони евра, што е 28 % помалку од 2022 година. Во најголем дел, преговарањата се воделе со само една фирма. Гледано на ниво на институции, како и во претходните години, најголемата вредност на склучените договори без објавување оглас им припаѓа на АД Електрани.***

Втора година по ред се намалува вредноста на договорите склучени преку постапката со преговарање без претходно објавување оглас. Во 2023 година, вкупно се склучени 259 договори во вредност од 1.437.224.430 денари, односно 23 милиони евра. Споредено со 2022 година, вредноста на договорите склучени преку преговарање без претходно објавување оглас е 9 милиони евра помала од 2022 година.

## Вредност на договорите според постапката со преговарање без објавување оглас

| Година | Број на склучени договори | Вредност на договорите во милиони евра | Годишна промена во вредноста |
|---|---|---|---|
| **2019** | 367 | 16 | -52 % |
| **2020** | 378 | 30 | +87 % |
| **2021** | 300 | 46 | +53 % |
| **2022** | 333 | 32 | -30 % |
| **2023** | 259 | 23 | -28 % |

Од обработката на податоците за склучените договори се доаѓа до сознание дека во 86 % од склучените договори преговарањето се одвивало со само една фирма.

Гледано на ниво на институции, најголемата вредност на склучени договори без објавување оглас од листата на државни институции во 2023 година, како и во претходните години, ја има АД Електрани. Во оваа група традиционално се вбројуваат и Министерството за внатрешни работи и Министерството за образование и наука.

АД Електрани во 2023 година склучило 8 договори во вредност од 551 милион денари, односно околу 9 милиони евра. Гледано во однос на 2022 година, ова е значајно намалување на примената на нетранспарентната постапка од страна на ова државно претпријатие, кога беа склучени 23 договори во вредност од 21 милион евра.

На второ место во 2023 година е Министерството за внатрешни работи, со склучени 30 договори преку постапката со преговарање без објавување оглас, во вкупна вредност од 2,5 милиони евра, што е речиси двојно повеќе од 2022 година, кога имаше склучено 10 договори, во вредност од 1,4 милиони евра.

На трето место е Министерството за образование и наука, со 11 договори во вредност од 2,2 милиони евра, што е намалување во однос на 2022 година кога имаше склучени 16 договори во вредност од 3,2 милиони евра.

## Договорни органи со најголема вредност на склучените договори без оглас во 2023 г. (во милиони евра)




Трите најголеми по вредност договори склучени преку преговарање без претходно објавување на оглас се на АД Електрани, и тоа сите склучени со иста фирма. Станува збор за фирмата СПЕКТАРТЕРМО ДОО Скопје, со која се склучени договори за: „модернизација на топлинскиот дел од когенеративната постројка за зголемување на ефикасност со доградба на "SCR" за прочистување на издувните гасови и намалување на загадувањето"; „набавка, испорака, монтажа и пуштање во работа на еден (1) гасен мотор" и „сервис и редовни периодични прегледи на гасни мотори (Енергетика)".

## Десет најголеми договори склучени со преговарање без објавување оглас во 2023 година

| Договорен орган | Економски оператор | Предмет на договорот | Вредност на договорот во евра |
|---|---|---|---|
| **АД ЕЛЕКТРАНИ** | СПЕКТАРТЕРМО ДОО Скопје | Модернизација на топлинскиот дел од когенеративната постројка за зголемување на ефикасност со доградба на "SCR" за прочистување на издувните гасови и намалување на загадувањето. | 3.451.340 |
| **АД ЕЛЕКТРАНИ** | СПЕКТАРТЕРМО ДОО Скопје | Набавка, испорака, монтажа и пуштање во работа на еден (1) гасен мотор | 2.841.221 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **АД ЕЛЕКТРАНИ** | СПЕКТАРТЕРМО ДОО Скопје | Сервис и редовни периодични прегледи на гасни мотори (Енергетика) | 1.822.764 |
| **АД** | РАПИД БИЛД ДОО Куманово | Санација на сифон Макарија во ХМС Тиквеш | 1.276.320 |
| **Агенција за електронски комуникации** | TCI International, Inc. | Одржување на мерна мониторинг опрема за контрола и мониторинг на радиофреквенцискиот спектар | 905.587 |
| **Министерство за образование и наука** | ПРОСВЕТНО ДЕЛО Скопје | Откуп на учебници за средно образование за учебната 2023/2024 година | 794.163 |
| **ЈП Исар – Штип** | ЕВН Македонија | ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА | 767.480 |
| **Влада на РСМ – Генерален секретаријат** | НЕКСТСЕНС ДОО Скопје | Превентивно и адаптивно одржување на мултиплатформски систем за колаборација за е-Седница | 649.162 |
| **Министерство за образование и наука** | АРБЕРИА-ДЕСИГН ДООЕЛ Тетово | Откуп и дистрибуција на учебници за основно образование за учебната 2023/2024 година | 607.040 |
| **ЈСП СКОПЈЕ** | ЕВН Македонија | Набавка на електрична енергија | 575.610 |

Во согласност со Законот за јавните набавки, Бирото за јавни набавки дава мислење за исполнетоста на условите за примена на постапката со преговарање без претходно објавување оглас во случаи на крајна итност предизвикани од настани што договорниот орган не можел да ги предвиди и да му се припишат како пропуст, потоа заради заштита на ексклузивни права и кога, од уметнички или од технички причини, договорот може да се склучи само со одреден економски оператор.

Бројот на барања доставени до Бирото за јавни набавки за добивање мислења за примена на постапката со преговарање без објавување оглас во 2023 година е драстично намален и изнесувал 299, што е 31 % помалку од 2022 година, кога до Бирото биле доставени 432 барања.

Како што може да се види од графичкиот приказ, на најголемиот дел барања, односно на 86 %, е одговорено позитивно.

## *Добиени одговори од БЈН на побарани мислења за примена на постапката (јануари – декември 2023 година)*




### *Препорака:*

*Со оглед на нетранспарентноста на постапката со преговарање без објавување оглас, потребно е институциите да ја применуваат само во исклучителни ситуации. Воедно, во насока на зголемување на увидот во овие договори, со објавување на известувањето за склучен договор да се објавува и тендерската документација, а во известувањата за склучен договор да се наведат имињата на сите фирми кои учествувале во преговарањата, а не само името на фирмата со која е склучен договорот.*

» ***Предмет на управна контрола од страна на Бирото за јавни набавки во 2023 година биле 371 тендер, што укажува на пораст во однос на 2022 година, кога беа спроведени контроли на 270 постапки. Поголем број неправилности се констатирани во тендерите кои биле предмет на контрола врз основа на процена на ризици од кршење на одредбите од Законот за јавни набавки отколку во тендерите кои биле предмет на контрола поради нивната вредност. Во текот на 2023 година, Бирото за јавни набавки дошло до сознанија за сомнежи за корупција и ги известило надлежните институции за 4 предмети. Државната комисија за жалби по јавни набавки во текот на 2023 година немала сознанија или сомнежи за корупција во јавните набавки.***

Предмет на управна контрола од страна на Бирото за јавни набавки во 2023 година биле 371 тендер од вкупно спроведените 24.005 тендери, што значи 1,55 % од спроведените.

Во согласност со член 172 став 3, односно во постапки за јавни набавки чија проценета вредност е над 500.000 евра за набавка на стоки или услуги и над 2 милиони евра кај набавка на работи, контролирани се 308 тендерски постапки, а во согласност со член 172 став 4, односно врз основа на процена на ризици од кршење на одредбите од Законот и по случаен избор, предмет на контрола биле 63 тендерски постапки.

***Спроведени управни контроли од Бирото за јавни набавки***

| Период | Број на тендери кои биле предмет на контрола | Број на контролирани тендери во кои се констатирани неправилности | Процент на контролирани наспроти вкупно спроведени тендери во земјата |
|---|---|---|---|
| **2019** | 141 | 23 | 0,66 % |
| **2020** | 205 | 46 | 1,01 % |
| **2021** | 247 | 50 | 1,08 % |
| **2022** | 270 | 52 | 1,18 % |
| **2023** | 371 | 66 | 1,55 % |

Од вкупно спроведените управни контроли во 2023 година од страна на Бирото (371), во 66 постапки, односно во 18 % од нив, се констатирани неправилности. Притоа, значајно е да се нагласи дека поголем број неправилности се констатирани во тендерите кои биле предмет на контрола врз основа на процена на ризици од кршење на одредбите од Законот и по случаен избор. Поконкретно, во тендерите во коишто контролата на БЈН била очекувана поради високата вредност на тендерите, неправилности се констатирани во 14 % од контролираните постапки. Во постапките, пак, што биле предмет на контрола врз основа на процена на ризици од кршење на одредбите од Законот, неправилности се констатираат во високи 38 %.

Во текот на 2023 година, Бирото за јавни набавки има доставено четири предмети до надлежните органи за можни злоупотреби на одредбите од јавни набавки. Иако е мал бројот на предмети, сепак е двојно поголем од бројот на предмети доставени до надлежните органи во 2022 година, кога институциите беа алармирани за 2 предмети. Наспроти ова, Државната комисија за жалби по јавни набавки во текот на 2023 година немала сознанија, ниту добила информации за сомнежи за корупција во јавните набавки.

**Препорака:**

*За да се почувствуваат вистинските ефекти од управната контрола во насока на намалување на злоупотребите и корупцијата, Бирото за јавни набавки, во согласност со Законот за јавните набавки, треба позначајно да го прошири опсегот на контрола и кај тендери врз основа на проценка на ризиците или по случаен избор. Воедно, потребно е да се вложат поголеми напори за јакнење на кадровските и на техничките капацитети на соодветното одделение за управна контрола.*

# Истражување на мислењето на лицата задолжени за јавни набавки во институциите за спроведувањето на постапките за јавни набавки

» Само 18 % од претставниците на институциите спроведуваат истражување на пазарот за да ја утврдат проценетата вредност на набавката.

» 45 % од институциите само повремено ја следат реализацијата на планот за јавни набавки. Внатрешен систем, односно процедура за оваа намена, имаат 40 % од институциите.

» Само 12 % од институциите спроведуваат истражување на пазарот за прибирање на потребните информации за изработка на техничките спецификации.

» Секое трето лице за јавни набавки смета дека се прави поголема дискриминација на фирмите за учество на тендерите кога многу детално се опишува предметот на набавката. Од друга страна, 25 % сметаат дека се прави дискриминација и во случаите кога не се опишува детално предметот на набавката.

- Дури 57 % од испитаниците велат дека ја користат електронската аукција за да бидат сигурни дека ќе добијат најповолна цена во постапките.
- Доминантен дел од лицата за јавни набавки сметаат дека фирмите се договараат пред почетокот на електронската акција. Според 46 % од нив, договарањето се случува често, а според 44 % тоа се случува, но ретко.
- Наспроти ваквото мислење за договарањето на фирмите, во последните пет години, ниту еден од договорните органи вклучени во истражувањето не доставил пријава до Комисијата за заштита на конкуренцијата за незаконско договарање на фирмите во јавните набавки.
- Најголем дел од договорните органи, односно 40 % од нив, сметаат дека фирмите не учествуваат во постапките за јавни набавки затоа што не веруваат во објективноста на изборот. Сепак, 36 % пак сметаат дека нема доволно фирми на пазарот за предметите на набавка.
- Најголемиот проблем за институциите е изготвувањето на техничките спецификации за набавките. Ова претставува проблем број еден за една третина од анкетираните.
- 41 % од лицата за јавни набавки сметаат дека во јавните набавки често има корупција. Дека има корупција, но ретко, сметаат 43 % од испитаниците. 2 % се изјасниле дека корупција има секогаш, а дека во набавките воопшто нема корупција сметаат 14 % од лицата за јавни набавки.
- Најголем дел од лицата за јавни набавки, односно 34 %, сметаат дека најприсутна е корупцијата која е последица на политичките интереси, а 25 % велат дека е во прашање поткуп.
- Доминантен дел од лицата за јавни набавки во институциите (56 %) сметаат дека фирмите се поголеми генератори на корупција во јавните набавки, отколку институциите и вработените во нив.
- Дури 57 % од лицата за јавни набавки признаваат дека во нивните институции никогаш не е спроведена проценка на ризиците од корупција во јавните набавки за идентификување, анализа и приоретизирање на корупциските ризици.
- Доминантен дел од институциите, односно 51 %, немаат План за интегритет или Антикорупциска програма во кои се опфатени и јавните набавки.
- Просечната оценка која лицата за јавни набавки од институциите на централно и локално ниво ја даваат за процесот на јавни набавки во земјата е 2,99 од можни 5.

Истражувањето на мислењето на лицата за јавни набавки во институциите (договорни органи) за спроведување на постапките за јавни набавки беше спроведено во текот на март 2024 година.

Во истражувањето учествуваа 154 лица за јавни набавки, од кои 60 % од институциите на национално ниво, а 40 % од институции на локално ниво.

Истражувањето беше спроведено преку анкетирање, врз основа на претходно изработен структуриран прашалник, којшто содржеше вкупно 30 прашања.

Прашањата се структурирани во неколку групи, за да се добијат мислењата за најчестите проблеми со коишто се соочуваат лицата при спроведувањето на јавните набавки, нивните размислувања за е-аукцијата, за жалбената постапка, за корупцијата и за другите предизвици присутни во јавните набавки.

Прашалникот овозможува и простор интервјуираните претставници на договорните органи да ги посочат проблемите со коишто се соочуваат и да предложат мерки за подобрување на системот за јавни набавки.

### Наоди од истражувањето

Доминантен дел од институциите, односно 69 %, имаат интерен акт за спроведување на јавните набавки.

**Дали договорниот орган има интерен акт за спроведување на јавните набавки?**




Дури 43 % од испитаниците признаваат дека недостигот од информации е причината поради која не изработуваат детални образложенија за потребата од јавната набавка. Воедно, постои ниска свест кај договорните органи во однос на значајноста во одлуките за јавни набавки да се наведе детално образложение за потребата од јавната набавка. Оттука, дури 30 % од лицата за јавни набавки велат дека нема потреба од детални образложенија.

Во 27 % од одговорите доминира ставот дека се даваат образложенија за потребата од јавната набавка.

***Поради кои причини не се изработуваат детални образложенија за потребата од јавната набавка како дел од одлуката за јавната набавка?***




Само 18 % од претставниците на институциите, кога ги спроведуваат јавните набавки, претходно прават истражување на пазарот за да ја утврдат реалната проценка на вредноста на набавката. Доминира одговорот (36 %) дека проценетата вредност се утврдува врз основа на претходно искуство, а 28 %, пак, велат дека тоа го прават во согласност со парите со кои располагаат во буџетот.

***Врз основа на што се утврдува проценетата вредност на набавките од страна на институциите?***




Институциите се буквално поделени 50 % : 50 % во однос на прашањето дали сметаат дека проценетата вредност треба да се објавува во огласите за јавни набавки.

## Дали сметате дека проценетата вредност треба да се објавува во огласите?




Една третина од претставниците на институциите (36 %) велат дека необјавената проценета вредност целосно се совпаднала со цената добиена во некоја од понудите затоа што некој од институцијата му ја дал таа информација на понудувачот. Секој четврти, пак, верува дека совпаѓањето се случило затоа што понудувачот направил добра проценка.

## На што се должи, според вас, тоа што честопати се случува необјавената проценета вредност целосно да се совпадне со цената добиена во некоја од понудите?




Најголем дел од институциите, дури 45 %, само повремено ја следат реализацијата на планот за јавни набавки. Внатрешен систем, односно процедура, имаат 40 % од институциите.

## Како ја следите реализацијата на планот за јавни набавки?




Само 12 % од институциите велат дека спроведуваат истражување на пазарот во насока на прибирање на потребните информации за изготвување на техничките спецификации (опис на производите, услугите или работите кои се предмет на набавката). Доминантен дел од институциите, односно 42 %, велат дека тоа го прават врз основа на претходни слични набавки, 12 % велат дека спецификациите им ги даваат претпоставените, а 11 % велат дека ги преземаат од Електронскиот систем за јавни набавки. Во одговорите под 'друго' (20 %), испитаниците најчесто наведуваат дека применуваат комбиниран пристап, понекогаш преземаат технички спецификации од претходните тендери, понекогаш ги преземаат од ЕСЈН, а понекогаш го истражуваат пазарот.

## Врз која основа ги изработувате техничките спецификации?




Имајќи ги предвид добиените одговори на претходното прашање, не изненадува дека

62 % од институциите немаат внатрешни правила за изработка на техничките спецификации. Само 22 % од институциите имаат внатрешни правила.

### Има ли вашиот договорен орган детални внатрешни правила за изработка на техничките спецификации?




Секој трет испитаник смета дека им се прави поголема дискриминација на фирмите за учество на тендерите кога многу детално се опишува предметот на набавката. Од друга страна, пак, 25 % сметаат дека се прави дискриминација и во случаите кога не се опишува детално предметот на набавката.

### Кога, според ваше мислење, се прави поголема дискриминација на фирмите за учество на тендерите?




Во најголем дел од институциите, односно во 63 % од нив, критериумите за утврдување на способноста на понудувачите ги утврдува организациската единица по чија иницијатива се врши набавката.

### Кој ги определува критериумите за утврдување на способност на понудувачите?




Постои поделеност помеѓу испитаниците во однос на тоа кога се прави поголема дискриминација на фирмите во однос на критериумите за утврдување на способност. Според 41 %, дискриминацијата е поголема кога прецизно се утврдуваат услови што треба да се исполнат, а 37 %, пак, сметаат дека дискриминацијата е поголема кога се бара само општа бизнис-клаузула.

### Кога, според ваше мислење, се прави поголема дискриминација на фирмите во однос на критериумите за утврдување на способност?




Мислењето дека користењето на други елементи, покрај цената, за оценка на најповолната понуда не овозможуваат објективност се широко распространети помеѓу договорните органи. Дури 44 % од договорните органи мислат дека другите елементи се субјективни. Оттука, 20 % велат дека со изборот на најниска цена се објективни, а други 20 %, пак, велат дека така им е најлесно.

## Зошто, според вас, и натаму најчесто се избира најниската цена како критериум за избор на најповолната понуда?




Само 14 % од испитаниците велат дека, во услови кога најниската цена е критериум за избор на најповолната понуда, тендерските спецификации секогаш се изработуваат доволно детално за да го гарантираат квалитетот на набавките. Најголем дел од нив, 51 %, сметаат дека тоа често се прави.

## Во услови кога најниската цена е критериум за избор на најповолната понуда, дали сметате дека тендерските спецификации се изработуваат доволно детално за да го гарантираат квалитетот на набавките?




Дури 57 % од претставниците на договорните органи вклучени во истражувањето велат дека ја користат електронската аукција за да бидат сигурни дека ќе добијат најповолна цена во постапките. Дополнителни 11 % велат дека тоа од нив го бараат раководните структури. Додека, пак, 24 % од испитаниците, избирајќи го одговорот под г., „друго“,

објаснуваат дека во набавките во нивната институција веќе не доминира примената на електронска аукција.

### Зошто сè уште доминира користењето на електронската аукција во јавните набавки?




Фирмите се договараат пред почетокот на електронската акција, и тоа, според 46 % од испитаниците, често, а според 44 %, тоа се случува ретко. Став дека фирмите никогаш не се договараат имаат 9 % од испитаниците.

### Дали сметате дека фирмите се договараат пред почетокот на електронската аукција?




Во последните пет години, ниту еден договорен орган од вклучените во истражувањето не доставил пријава за незаконско договарање на фирмите во јавните набавки до Комисијата за заштита на конкуренцијата.

### Дали во последните пет години вашиот договорен орган доставил пријава за незаконско договарање на фирмите во јавните набавки до Комисијата за заштита на конкуренцијата?




Најголем дел од договорните органи, односно 40 % од нив, сметаат дека фирмите не учествуваат во постапките за јавни набавки затоа што не веруваат во објективноста на изборот. Сепак, 36 % сметаат дека нема доволно фирми на пазарот за предметите на набавка.

### Зошто, според вас, има толку ниска конкуренција на тендерите?




Според добиените одговори на следното прашање, произлегува дека моделот едно лице или организациска единица да ја следи реализацијата на склучените договори за јавни набавки е подоминантна во институциите (44 %) отколку за секој договор да се назначува едно или повеќе лица ( 38 %). Според добиените одговори, произлегува дека 15 % од институциите имаат некои хибридни решенија, во зависност од предметите на набавка.

## Како ја следите реализацијата на склучените договори за јавни набавки (не само од финансиски аспект, туку и од аспект на усогласеност со техничките карактеристики и количините)?




Најголемиот проблем за институциите е изготвувањето на техничките спецификации за предметите на набавката, и тоа е проблем број еден за една третина од анкетираните. На второ место, со 18 %, е непочитувањето на договорениот квалитет/спецификации на договорените стоки, услуги и работи од страна на економските оператори, во текот на реализацијата на добиениот договор. Трет најголем проблем за институциите е определувањето критериуми за утврдување на способноста на економските оператори.

## Најголеми проблеми во спроведувањето на постапките за јавни набавки (можност за повеќе одговори):



Најголем дел од испитаниците велат дека немале потреба од мислење од Бирото за јавни набавки (70 %). 24 %, пак, се изјасниле дека често имале потреба од нивното мислење.

### Колку често сте имале потреба да побарате мислење од Бирото за јавни набавки во однос на примената на Законот за јавни набавки?




Доминантен дел од испитаниците, односно 52 % се изјасниле дека не доцнат со плаќање на доспеаните обврски. 26 % од нив се изјасниле дека доцнат со плаќање од 1 до 3 месеци, 10 % дека доцнат од 3 до 6 месеци итн.

### Во просек, колку доцните со плаќањето на доспеаните фактури во однос на договорите за јавни набавки?




Доминантен дел од лицата за јавни набавки во институциите, односно 62 %, сметаат дека комисиите за јавни набавки, при изборот на најповолна понуда, никогаш не се под при-

тисок на раководниот орган за донесување на предлог-одлуката за избор на најповолна понуда. 30 % од нив велат дека таков притисок е присутен ретко.

**Дали сметате дека комисиите за јавни набавки, при изборот на најповолна понуда, се под притисок на раководниот орган за донесување на предлог-одлуката за избор на најповолна понуда?**




Најголем дел од испитаниците (42 %) сметаат дека Државната комисија за жалби по јавни набавки (ДКЖЈН) често носи објективни одлуки. Дека ретко носи објективни одлуки, сметаат 27 %, а дека никогаш не носи објективни одлуки – 8 %.

**Дали сметате дека Државната комисија за жалби по јавни набавки носи објективни одлуки?**




41 % од лицата за јавни набавки сметаат дека во јавните набавки често има корупција. Дека корупција има, но ретко, сметаат 43 % од испитаниците. 2 %, пак, се изјаснуваат

дека корупција има секогаш. Дека никогаш нема корупција во јавните набавки сметаат 14 % од лицата за јавни набавки.

**Дали сметате дека во јавните набавки има корупција?**




Најголем дел од лицата за јавни набавки, односно 34 %, сметаат дека најприсутна е корупција која е последица на политичките интереси, а 25 % велат дека е во прашање поткуп. Корупцијата ја припишуваат на роднинските и пријателските односи 6 % од испитаниците.

**Каков вид корупција, според вас, е најприсутен?**




Доминантен дел од лицата за јавни набавки во институциите (56 %) сметаат дека фирмите се поголеми генератори на корупција во јавните набавки. Секој четврти испитаник вината ја гледа во институциите, додека, пак, 16 % велат дека двете страни ја генерираат корупцијата.

## Кои, според вашето мислење, се поголеми генератори на корупција во јавните набавки?




Дури 57 % од лицата за јавни набавки признаваат дека во нивните институции никогаш не е спроведена проценка на ризиците од корупција во јавните набавки за идентификување, анализа и приоретизирање на корупциските ризици. Само 22 % од институциите се изјасниле дека спроведуваат проценка на ризиците во континуитет.

## Колку често вашиот договорен орган спроведува проценка на ризиците од корупција во јавните набавки за идентификување, анализа и приоретизирање на корупциските ризици?




Доминантен дел од институциите, односно 51 %, немаат План за интегритет или Антикорупциска програма во кои се опфатени и јавните набавки. Според добиените одговори, произлегува дека 30 % од институциите имаат План за интегритет или Антикорупциска програма.

**Дали во вашиот договорен орган има План за интегритет или Антикорупциска програма во кои се опфатени и јавните набавки?**




Во само 4 % од институциите, службени лица (лице за јавни набавки, претставник на раководството или друг вработен) во текот на последните неколку години ги известиле надлежните институции за сознанија за сторена корупција во јавните набавки, и тоа 3 % ја известиле Државната комисија за спречување корупција, а 1 % – Обвинителството.

**Дали, според вашето сознание, службени лица од вашиот договорен орган (лице за јавни набавки, претставник на раководството или друг вработен) во последните неколку години ги известиле надлежните институции за сознанија за сторена корупција во јавните набавки?**




Просечната оценка која лицата за јавни набавки од институциите на централно и на локално ниво му ја даваат на процесот на јавни набавки во земјата е 2,99 од можните 5. Најголем

дел од испитаниците (52 %) му дале оценка 3 (добро) на процесот на јавни набавки, за 23 % тој е за 4 (многу добро), потоа за 20 % тој заслужува 2 (едвај доволно). Процесот за јавни набавки е оценет со 1 (негативно) од страна на 4 % од испитаниците, а со највисоката оценка 5 (одлично) од само 1 %.

**_Како го оценувате вкупниот процес на јавни набавки во земјава?_**




## *Предлози за подобрување на состојбите во јавните набавки дадени од лицата за јавни набавки*

Најголем дел од предлозите се однесуваат на зголемување на платата на лицата за јавни набавки, со образложение дека нивните работни задачи се комплексни и треба да бидат повисоко платени од останатите службеници. Се предлага лицата за јавни набавки даземаат посебен додаток на платата со коефициент на сложеност, којшто ќе биде регулиран со колективниот договори или слично. Воедно, се бара и воведување паричен надоместок за членовите на комисиите за јавни набавки.

Во однос на другите предлози, се издвојуваат следните (при што се води сметка да не се повторуваат), онака како што се дадени од испитаниците:

» Допрецизирање на некои одредби од Законот за јавните набавки, за да не се толкува различно од Бирото за јавни набавки и од Државната комисија за жалби по јавните набавки.

» Измени во Законот за јавните набавки во насока на тоа лицата за јавни набавки да не бидат избирани од непосредните одговорни лица и да немаат политичка припадност.

» Во секоја институција да се формира одделение за јавни набавки, а не само овластено лице. На овие службеници редовно и задолжително да им се овозможуваат предавања и обуки.

» Поголема екипираност на организациските единици во рамки на договорните органи кои се надлежни за јавните набавки, како и поголема заштита на лицата кои ги работат јавните набавки.

» Со закон да се дефинира минимален број на персонал што ќе работи само врз јавните набавки, во зависност од големината на договорниот орган, и да се формира посебно надворешно државно стручно тело за консултации, насоки и др.

» Континуирана практична обука на лицата за јавни набавки, специјализирана посебно за секој сектор.

» Да има повеќе номинирани лица со пристап на ЕСЈН за да не биде одговорноста само на едно лице.

» Поголема флексибилност на Законот за јавните набавки, заради добивање подобри и поквалитетни понуди од страна на економските оператори.

» Укинување на електронската аукција како втора фаза од постапката.

» Да се работи врз зајакнување на интегритетот на лицата кои се вклучени во процесот на јавни набавки.

» Да се зајакне кривичната одговорност на одговорните лица во Кривичниот законик, бидејќи тие ги определуваат техничките спецификации и условите за способност за нивни блиски фирми да добиваат тендери.

» Да се промени начинот на полагање испит за лице за јавни набавки и обемот и бројот на прашања да се приспособи во зависност од тоа дали станува збор за полагање по првпат или за ресертифицирање.

» Да се овозможи редовно посетување обуки, каде што ќе се разгледуваат реалните проблеми од секојдневното работење.

» Во однос на полагање на стручниот испит за лица за јавни набавки, да се одржува програма за обука и полагање на јазиците на припадниците на граѓаните на РСМ.

» Задолжителни годишни обуки за јавни набавки и за членовите на комисиите за јавни набавки, за раководителите на договорните органи, како и за лицата кои ги извршуваат јавните набавки.

» Централизирање на набавките на институциите кои немаат доволно кадар.

» Почесто да се применува технички дијалог каде што, во зависност од предметот на набавка, се детектираат слабостите.

» Лицата за јавни набавки да одлучуваат самостојно, а не по наредба на раководните лица.

» Воведување ефикасен систем на контрола не само од аспект на имплементација на Законот за јавните набавки, туку контрола од повеќе аспекти (пример, дали е потребна набавката, дали навистина е набавено тоа за коешто е склучен договор и сл.).

» Зголемување на вредносниот праг за спроведување набавки без примена на Законот за јавните набавки.

» Да се намали примената на рамковните спогодби и најниската цена да не се користи како критериум пред квалитетот и животниот век на производите.

» Да се поедностави начинот на испраќање на известувањата до економските оператори кои се праќаат како прилог кон одлуката за избор.

» Да се воведат автоматизирани контроли и проценки за ризиците, да се внесуваат стоките и количините во форми во ЕСЈН за да можат да се пребаруваат, плаќањата од трезорот задолжително да се поврзуваат со бројот на јавната набавка и со договорот со компанијата.

» Засилена контрола, особено кога предмет на набавка се услуги, бидејќи тие се тешки за проценување на вредноста.

» Да се врати конечната цена, а да се исфрли електронската аукција.

» Помала примена на електронската аукција.

» Поголема застапеност на критериумот квалитет во јавните набавки.

» Формирање единици за јавни набавки (како надворешен ресурс) кои ќе вршат спроведување на јавни набавки за повеќе договорни органи со иста дејност, исти потреби и видови на набавки. На пример, група Клиники, група Општи болници, група Здравствени домови, група Центри за јавно здравје и слично. Групите на договорни органи да си формираат комисија за јавна набавка, која ќе прави технички спецификации и евалуации на постапките, под надзор, контрола и совет од надворешниот ресурс.

- Помалку влијание од надворешни фактори врз работата на комисиите и службите за јавни набавки.
- Да се спроведе кампања за привлекување на што повеќе економски оператори кои ќе се вклучат во системот на јавни набавки. Вработени експерти од Бирото за јавни набавки или од граѓански организации кои се занимаваат со мониторинг, годишно најмалку двапати да се среќаваат со лицата одговорни за јавни набавки во институциите и со членовите на комисиите за да се констатираат проблемите, да се дадат најдобри насоки за нивно решавање и организација на обуки по региони или општини.
- Опционалниот модул на ЕСЈН за внесување лица за следење и реализација на набавката треба да биде задолжителен за договорните органи.
- Прашањата упатени до Бирото за јавни набавки да бидат подетално одговорени и разработени, да не се одговараат само со цитирање на Законот.
- Воведување инспекторат за јавни набавки како контрола на терен на локално и на централно ниво.

# Истражување кај фирмите за нивното искуство при учеството на постапките за јавни набавки

- За повеќе од половина од фирмите (55 %), најниската цена како критериум за избор е најчестиот проблем со којшто се соочуваат во јавните набавки.
- 92 % од фирмите сметаат дека на електронските аукции се постигнуваат нереални цени и се занемарува квалитетот.
- Половина од фирмите (50 %) признаваат дека постои меѓусебно договарање на тендерите.
- Половина од фирмите (51 %) сметаат дека има корупција во јавните набавки, а 23 % лично се соочиле со корупција на тендерите.
- Фирмите го оценуваат процесот на јавни набавки во земјава со просечна оценка од 2,8 (на скалата од 1 до 5), што е исто како лани.

## *Вовед*

Ова истражување е редовно годишно истражување за јавните набавки кај фирмите, коешто Центарот за граѓански комуникации го спроведува во рамките на мониторингот на јавните набавки од 2009 година наваму.

Оваа година истражувањето беше спроведено во март 2024 година. Во истражувањето учествуваа 336 фирми од сите поголеми градови во земјата. Истражувањето беше спроведено преку анкетирање, врз основа на претходно изработен структуриран прашалник, којшто содржеше вкупно 20 прашања.

Прашањата се структурирани во неколку групи за да се добијат мислењата на фирмите за најчестите проблеми со коишто се соочуваат при учеството на јавните набавки, нивните размислувања за е-аукцијата, за жалбената постапка, за корупцијата и за другите предизвици присутни во јавните набавки. Прашалникот овозможува и простор за интервјуираните претставници на фирмите самите да ги посочат проблемите со коишто се соочуваат и да предложат мерки за подобрување на системот за јавни набавки.

Во оваа анализа се поместени резултатите од последното истражување на фирмите, како и одредени споредби со резултатите од претходните истражувања, за да се добие претстава не само за актуелната состојба, туку и за трендовите.

И во ова истражување најпрво беше утврдено искуството во јавните набавки на фирмите опфатени во истражувањето. Анкетираните фирми просечно учествуваат на околу девет постапки за јавни набавки годишно.

## *Проблеми во јавните набавки*

Нема промена во првите три проблеми со коишто фирмите најчесто се соочуваат. Како неколку години по ред, така и годинава, проблем број 1 за фирмите во јавните набавки е ʹнајниската ценаʹ како критериум за избор на најповолната понуда. И годинава, со овој проблем се соочуваат повеќе од половина од испитаните фирми, односно 55 %.

Трета година по ред, на второто место се наоѓа проблемот со обемноста на документите што се потребни за учество на тендерите. Со овој проблем се соочуваат 42 % од фирмите.

И на трето место е еден стар и долгогодишен проблем со којшто се соочуваат фирмите, односно приспособувањето на условите за учество на тендерите кон одредени понудувачи, што како проблем го истакнале 38 % од фирмите.

## Главни проблеми со коишто се соочуваат фирмите во постапките за јавни набавки (можност за повеќе одговори)




И годинава, како и лани, задоцнетото плаќање е на четвртото место како проблем со којшто се соочуваат 38 % од фирмите. Според одговорите на фирмите, тие просечно чекаат по шест месеци и 21 ден за наплата на побарувањата за спроведените тендери, додека лани просечното чекање изнесуваше шест месеци и 27 дена.

## Просечно време на чекање во месеци за наплата на побарувањата од јавните набавки?



**При критериумот 'најниска цена', техничките спецификации на тендерите не го гарантираат квалитетот на тоа што се набавува.** Доминантен процент фирми (78 %) сметаат дека техничките спецификации ретко (53 %) или никогаш (25 %) не содржат детали за попрецизно определување на квалитетот на набавките. Со ова, техничките спецификации не можат да служат како гаранција дека ќе се добие одреден квалитет на тоа што се набавува, во околности кога и натаму, речиси на сите тендери, условот за да се победи е најниската цена.

***Дали сметате дека техничките спецификации се доволно детални за да го гарантираат квалитетот на набавките?***




Помал дел од фирмите (22 %) сметаат дека договорните органи често (18 %) или секогаш (4 %) доволно прецизно го утврдуваат квалитетот на тоа што сакаат да го набават, така што 'најниската цена' ќе има смисла и нема да доведува до купување производи, услуги и работи со лош квалитет.

**Сè повеќе фирми се „за" објавување на проценетата вредност на набавките.** 85 % од анкетираните фирми (лани 78 %) сметаат дека договорните органи треба да ја објавуваат проценетата вредност на набавките. Имено, според Законот за јавните набавки, договорните органи имаат право да изберат дали ќе ја објават проценетата вредност на набавките, а во праксата ова стана едно од горливите прашања. Во многу тендери, иако проценетата вредност не е објавена, сепак има понуди што целосно се совпаѓаат со оваа вредност. Спротивно на ова, за да се објави, проценетата вредност треба навистина добро да биде пресметана, што не е чест случај, и поради тоа се јавуваат проблеми натаму во постапката.

## Дали сметате дека треба да се објавува проценетата вредност на набавките?




**Со е-аукциите, заедно со најниската цена, се занемарува квалитетот.** Само 8 % од испитаните фирми сметаат дека тоа што ги отсликува е-аукциите е дека на нив победува најдобрата понуда. Од останатите, 39 % испитаници сметаат дека на е-аукциите се постигнуваат нереално ниски цени, а 54 % дека се занемарува квалитетот во однос на цената на тоа што се набавува (48 %). Во овој сегмент има мало влошување во однос на лани.

## Што ги отсликува најдобро електронските аукции?



**16 % од фирмите сметаат дека нивна понуда неоправдано била отфрлена од евалуација.** Овој процент лани изнесувал 18 %. За разлика од нив, 37 % од фирмите никогаш, а 47 % ретко се соочиле со ситуација нивна понуда неоправдано да била отфрлена од натамошна евалуација на тендерите на коишто учествувале.

**Половина од фирмите признаваат дека има договарање.** 50 % од фирмите изјавуваат дека пред почетокот на е-аукциите има претходно договарање меѓу фирмите околу нивното однесување на самата аукција. Сепак, овој процент е намален во однос на сите претходни години.

***Процент на фирми кои сметаат дека пред почетокот на е-аукцијата имало договарање меѓу понудувачите***




**Само третина од фирмите се задоволни од комуникацијата со институциите околу јавните набавки.** Само 33 % од фирмите ја оценуваат комуникацијата со претставниците на договорните органи на чиишто јавни набавки учествуваат како навремена и квалитетна. Останатите ја оценуваат таа комуникација како делумно квалитетна (55 %) или како задоцнета и неквалитетна (12 %). Ова е мало подобрување на состојбата во однос на ланската година.

### Процент на фирми кои се задоволни од комуникацијата со договорните органи во постапките за јавни набавки во коишто учествуваат




**Половина од фирмите сметаат дека во јавните набавки има корупција.** 51 % од испитаните фирми сметаат дека во јавните набавки има корупција (лани 46 %). Од нив, 42 % сметаат дека корупцијата во јавните набавки е застапена често, а 9 % секогаш.

### Дали сметате дека во јавните набавки има корупција?




38 % од испитаните фирми оценуваат дека корупцијата е ретко застапена во јавните набавки, додека 11 % сметаат дека нема корупција во оваа област.

***Процент на фирми што сметаат дека во јавните набавки има корупција***




Од сите испитани фирми, дури 23 % изјавиле дека тие лично се соочиле со корупција при нивното учество во постапките за јавни набавки. Лани, 18 % од фирмите изјавиле дека лично се соочиле со корупција во јавните набавки.

Прашани слободно да го наведат видот на корупција за којшто сметаат дека е најзастапен, најголем процент од фирмите на прво место ги ставаат политичките и партиските врски (52 %), на второ место е поткупот (43 %), а на трето роднинските врски (33 %).

**Доминантни 94 % од фирмите не се жалат на тендерите.** Само 6 % од фирмите изјавиле дека секогаш (1 %) или често (5 %) се жалат до Државната комисија за жалби по јавни набавки во случаите кога не се задоволни од начинот на постапување на договорните органи на тендерите на коишто учествувале. Останатите 94 % велат дека никогаш (59 %) или ретко (35 %) доставуваат жалба до Комисијата.

### Дали во случаите кога сте незадоволни од начинот на спроведување на постапките за јавни набавки сте доставиле жалба до ДКЖЈН?




Најчеста причина поради којашто фирмите ретко или никогаш не доставуваат жалба и натаму е недовербата во Државната комисија за жалби по јавни набавки, иако процентот на фирми кои не се жалат поради оваа причина е намален од 39 % лани на 35 % оваа година.

Следна причина е висината на надоместокот за водење на жалбената постапка што треба да го платат фирмите што се жалат. Лани ова било проблем за 15 % од фирмите, а годинава за 21 %. Третата причина е стравот од реваншизам од договорниот орган против којшто се изјавува жалбата, поради која лани 14 %, а годинава 11 % од фирмите не поднеле жалба.

### Која е причината што никогаш или ретко ги обжалувате тендерите пред ДКЖЈН?



**Доминира незадоволство од одлуките на ДКЖЈН.** Доминантни 73 % од фирмите никогаш не биле или ретко биле задоволни од одлуката на ДКЖЈН. Останатите 27 % од фирмите изјавиле дека често или секогаш се задоволни од одлуката на ДКЖЈН. Овде има извесно подобрување во однос на лани кога незадоволни биле 82 % од фирмите што се жалат.

***Во случаите кога сте поднеле жалба, дали сте задоволни од одлуките на ДКЖЈН?***




**Просечната оценка од фирмите за јавните набавки е непроменета.** Прашани како го оценуваат вкупниот процес на јавни набавки во земјава на скала од 1 (негативно) до 5 (одлично), фирмите просечно дадоа оценка од 2,8, што е идентично со лани.

**Движење на просечната оценка од фирмите за процесот на јавни набавки**




Следствено на средната оценка, и процентуално најмногу испитаници дале оценка 3 (42 %). Помал дел (9 %) го оцениле системот на јавни набавки со 1, додека само 3 % дале највисока оценка 5.

**Како го оценувате вкупниот процес на јавни набавки во земјата?**



# Анализа на постапките пред државната комисија за жалби по јавните набавки за 2023 година

» **Зголемен е бројот на жалби по јавните набавки доставени до Државната комисија за жалби по јавните набавки (ДКЖЈН). Во 2023 година поднесени се 981 жалба од фирмите, што е за 23,4 % повеќе од претходната година. Но, зголемувањето на жалбите е проследено со намалување на бројот на уважени жалби од страна на ДКЖЈН. Уделот на уважени жалби е најнизок во изминатите 10 години, за првпат е под 40 % и изнесува 36,3 %.**

За 24.005 тендерски постапки спроведени во текот на 2023 година, до Државната комисија за жалби по јавни набавки се доставени 981 жалба од фирмите (4,1 %). Како што може да се види од следниот табеларен приказ, бројот на тендери е поголем во однос на претходната година за 4,6 %, а бројот на жалбите е зголемен за речиси една четвртина (23,4 %).

## Приказ на соодносот на објавени постапки за јавни набавки и бројот на доставени жалби до ДКЖЈН од страна на фирмите *

| Година | Број на тендери | % на промена | Број на жалби доставени до ДКЖЈН | % на промена |
|---|---|---|---|---|
| **2019** | 22.538 | +5,3 % | 845 | +21,6 % |
| **2020** | 20.159 | -10,6 % | 983 | +16,3 % |
| **2021** | 22.816 | +13,2 % | 1.008 | +2,5 % |
| **2022** | 22.901 | +0,4 % | 751 | -34,2 % |
| **2023** | 24.005 | +4,6 % | 981 | +23,4 % |

**Пресметките се направени преку обработка на податоците објавени на сајтот на ДКЖЈН.*

Во текот на 2023 година, Државната комисија донела решенија за 981 жалба за јавни набавки. Доколку се навлезе во структурата на донесените решенија, произлегува дека Државната комисија уважила 310 жалби, а дополнителни 46 се поништени од страна на ДКЖЈН поради битни повреди на Законот за јавните набавки, со што вкупниот број на уважени жалби би изнесувал 356, што е удел од 36,3 % од вкупно донесените решенија. Како неосновани се одбиени 392 жалби, односно 40 % од вкупно донесените решенија. Поради ненавременост или неуредност на жалбата, неплатен надомест за водење на постапката или ненадлежност на ДКЖЈН, отфрлени се 104 жалби, што е удел од 10,6 %. Бројот, пак, на жалби што се повлечени од страна на фирмите што ги поднеле или, пак, за коишто постапката е запрена затоа што договорниот орган ги прифатил жалбените наводи на тужителот пред да се изјасни ДКЖЈН изнесува 129 и има удел од 13,1 % во вкупните решенија.

## Структура на донесените одлуки на ДКЖЈН во 2023 година *

| Структура на жалбите според одлуката | Број на жалби | Учество во % |
|---|---|---|
| Уважени жалби | 356 | 36,3 % |
| Одбиени жалби | 392 | 40,0 % |
| Отфрлени жалби | 104 | 10,6 % |
| Прекин/запирање на жалбената постапка | 129 | 13,1 % |
| **Вкупно** | **981** | **100,0 %** |

**Пресметките се направени преку обработка на податоците објавени на сајтот на ДКЖЈН.*

Уделот на уважени жалби бележи пад во однос на претходната година, и тоа за 4 процентни поени, а во пораст се уделите на одбиените жалби (1,1 процентен поен), на отфрлените жалби (2,5 процентни поени) и на прекинати и запрени постапки (0,4 процентни поени).

Гледано во однос на претходните години, уделот на уважени жалби е најнизок во изминатите 10 години и за првпат е под нивото од 40 %, што секако е неповолно за фирмите. Од друга страна, гледано од страната на одбиените жалби, нивното ниво од 40 % во 2023 година е исто така високо, но рекордот, иако со незначителна разлика, сè уште го држи 2021 година, кога биле одбиени 40,1 % од доставените жалби.

**Споредбени податоци за структурата на донесените одлуки во жалбена постапка***

| Вид на одлуки | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|
| Уважени жалби | 58,3 % | 53,3% | 42,6 % | 40,3 % | 36,3 % |
| Одбиени жалби | 27,6 % | 31,9% | 40,1 % | 38,9 % | 40,0 % |
| Отфрлени жалби | 9,2 % | 7,1% | 7,7 % | 8,1 % | 10,6 % |
| Прекин/запирање на жалбената постапка | 4,9 % | 7,7% | 9,6 % | 12,7% | 13,1 % |
| **Вкупно** | **100 %** | **100 %** | **100 %** | **100 %** | **100 %** |

**Пресметките се направени преку обработка на податоците објавени на сајтот на ДКЖЈН.*

Што се однесува на причините за поднесување жалба, врз основа на анализиран примерок, и во 2023 година структурата е следна:

- 78 % од жалбите од економските оператори ги обжалиле одлуките за доделување договор за јавна набавка, од кои три четвртини во случаи кога понудата на друг економски оператор била одбрана како најповолна, а една четвртина во случаи кога нивната понуда била отфрлена како неприфатлива;
- 17 % ја обжалиле содржината на тендерската документација;
- 3 % од жалбите се против одлука за поништување на постапката и
- 2 % други причини.

Гледано на ниво на институции, најголем број добиени жалби има АД Електрани, и тоа 72 жалби, по него следуваат Министерство за одбрана, ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ Скопје и Јавно претпријатие за државни патишта, со добиени по 16 жалби.

Гледано од страната на економските оператори, најголем број жалби има доставено „СМАРТ ИНЖЕНЕРИНГ ПЛУС" ДООЕЛ Велес (31 жалба), оператор кој учествува во тендери за набавка на огревно дрво. На второ место, со доставени 19 жалби, е „МЕКС МЕРНО РЕГУЛАЦИОНА ОПРЕМА ДООЕЛ Скопје, оператор кој учествува во тендери за набавка на универзални мерни инструменти (РЕК Битола). На трето место, со доставени по 15 жалби, се РИКИ-ЈУНИОР ДООЕЛ увоз-извоз Кочани, оператор кој учествува во тендери за набавка на средства за одржување на хигиена, и Друштво за производство, трговија и услуги КАЗ ГРУП увоз-извоз ДОО Илинден, оператор кој учествува во тендери за набавка на резервни делови потребни за одржување на основните водостопански објекти за наводнување и одводнување.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

35.073.53:005.584.1(497.7)"2023"(047)

ИЗВЕШТАЈ од мониторингот на јавните набавки : извештај бр. 40 : (јули–декември 2023 год.) : 2023. - Скопје : Центар за граѓански комуникации, 2024. - 63, 63 стр. : граф. прикази ; 23 см

Насл. стр. на припечатениот текст: Monitoring of public procurements : report no. 40 : (July–December 2023) : 2023 / translation from macedonian to english Katerina Dimishkovska. - Обата текста меѓусебно печатени во спротивни насоки. - Текст на мак. и англ. јазик

ISBN 978-608-4974-40-6

а) Јавни набавки -- Мониторинг -- Македонија -- 2023 -- Извештаи

COBISS.MK-ID 64509701